Македонија 15. September 2016 - 8:35

# Групна изложба „Нашата Фукушима“ во Скопје

Испрати Ми се допаѓа Сподели 3 Tweet G+1 0



Групната изложба „Нашата Фукушима“ која е дел од Gogyoshi Art Project International, ќе биде отворена вечерва на две локации во Скопје, во Домот на култура „Кочо Рацин“ (Галерија „КО-РА“) и Галерија „Флукс“.

На изложбата ќе бидат претставени дела од над 80 уметници од многу земји во светот, како и уметници од Македонија. Делата се работени во различни техники, вклучувајќи слики, цртежи, графики, фотографии, видеа, скулптури ...

Изложбата е во организација на Јаготка Томовска, Маја Кировска, Ед Хансен и Фред ван Вели, а во соработка со Домот на култура „Кочо Рацин“, Галерија Флукс и Н.У. Музеј Куманово.

Сите учесници на изложбата, како што велат организаторите, биле поканети да создадат свои дела инспирирани од една од десетте предложени (gogyoshy) песни на јапонскиот поет Taro Aizu. Gogyoshy е името што тој го дал за овој посебен вид поезија напишана во пет линии, ослободена од правила за бројот на слогови, должина на стихот и ритам.

Проектот „Gogyoshi Art Project“ е иницирран од холандските уметници Ед Хансен и Фред ван Вели, а е инспириран од gogyoshy поезијата на Таро Аизу, во која тој зборува за жителите на својот роден град Фукушима, за нивната љубов кон својот град, а подоцна и за нуклеарната катастрофа предизвикана од цунамито во март 2011 година, кога биле принудени да ја напуштат Фукушима.




Првата изложба од овој проект е одржана во ноември 2012 година во #Loods 32 во Lelishtad, Холандија, и на неа учествуваа 36 уметници. Набргу потоа, проектот привлекува меѓународно внимание и две групи, Мир и уметност (PAS) од Португалија и „Art Nations" од Германија се приклучуваат на проектот, а бројот на учесници постојано расте. Денес проектот брои повеќе од 500 учесници од целиот свет. Во изминатите четири години изложби како дел од овој проект се

одржани на различни локации во различни држави ширум светот. За тоа време проектот се надградува и се развива, бројот на учесници од различни држави расте, затоа проектот е преименуван во Gogyoshi Art Project International. Активностите околу проектот се координираат и организираат преку Фејсбук група креирана со таа цел, каде членовите можат да добијат информации за тековните активности околу проектот, како и идните можности за учество.

Поминаа пет години од страшната катастрофа кога земјотрес со голем интензитет во градот Фукушима, проследена со цунами, одзеде човечки животи и предизвика голема хаварија на нуклеарната централа и нуклеарна контаминација на целата област.

Целта на овој проект, според организаторите, е да се подигне свеста за проблемите кои се уште постојат во Фукушима, иако во Европа несреќата беше наскоро заборавена, а преку делата на уметниците, да ги потсети луѓето на ситуацијата во земјата која е далеку од тука, Јапонија. Со својот меѓународен карактер, овој проект гради мостови меѓу народите и уметниците од различни земји, со цел да се намали јазот меѓу различни култури и да ги зближи луѓето.

Во Галерија „Флукс“ изложбата ќе трае до 30 септември, а во Домот на култура „Кочо Рацин“ до 22 септември.

Испрати Ми се допаѓа Сподели 3 Tweet G+1 0



...прв дознава.

6 авг 2016

Menu



Во Куманово

# Групна изложба "Нашата Фукушима" со уметници од 21 земја

Tweet

Like Share 23

3 август 2016 - 14:28

Вкупно 86 уметници и 36 ученици од 21 земја ќе ги покажат своите дела, а на 15 септември изложбата ќе се пренесе во Скопје и ќе биде отворена на 2 локации, Галерија "КО-РА" во Домот на култура "Кочо Рацин" и галеријата "Флукс"



Во галеријата на НУ Музеј Куманово вечерва (4 август) со почеток во 20 часот ќе биде отворена групната интернационална изложба насловена "Нашата Фукушима" на која ќе се претставаат преку 100 дела од уметници од 21 земја од светот.

Изложбата, која е дел од Gogyoshi Art Project International, ќе трае до 31-ви август.

Вкупно 86 уметници и 36 ученици од 21 земја ќе ги покажат своите дела, а на 15 септември изложбата ќе се пренесе во Скопје и ќе биде отворена на 2 локации, Галерија "КО-РА" во Домот на култура "Кочо Рацин" и галеријата "Флукс".

Изложбата е во организација на Јаготка Томовска (поет и преведувач), Маја Кировска (ликовен уметник од Скопје), Ед Хансен (уметник од Холандија) и Фред ван Ѕелие (уметник и графички дизајнер од Холандија) во соработка со Музеј Куманово.

Сите учесници беа поканети да создадат свои дела инспирирани од една од десетте предложени Gogyoshi песни од јапонски поет Таро Аизу. Препев на поемите од француски јазик на македонски е на Јаготка Томовска од Куманово.

Gogyoshi е името што тој го даде за овој посебен вид поезија напишана во 5 линии, ослободена од правила за број на слогови, должина на линија и ритам што го употребува во своите песни.

Вечер
116K likes
Like Page
Like Share 23 people like this. Be the first of your friends.
веста е прочитана 51 пати

# Поврзани